**Република Македонија**

**НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# ПРАВИЛНИК

# ЗА ПРИЕМ И ПРАКТИЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА НОТАРСКИТЕ ПРИПРАВНИЦИ

**Скопје, март 1999 год.**

Република Македонија
НОТАРСКА КОМОРА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 0302-6/3
13.03.1999 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 93 од Законот за вршење на нотарските работи, Службен весник на РМ бр 59/96 и 25/98, член 48, став 1, алинеа 5, член 53 и член 57 од Статутот на Нотарската комора на РМ, Управниот одбор на Нотарската Комора на Република Македонија на својата седница одржана на 13. март 1999 година, го донесе следниот

# П Р А В И Л Н И К
## ЗА ПРИЕМ И ПРАКТИЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА НОТАРСКИТЕ ПРИПРАВНИЦИ

### I. Општи одредби

Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот на приемот на нотарските приправници и нивното практично оспособување.

Член 2

Нораски приправник е лице кое е дипломиран правник и за прв пат по дипломирањето започнува со работа во нотарска канцеларија.

### II. Вработување и права од работен однос

Член 3

Во нотарска канцеларија нотарот може да вработи еден или повеќе нотарски приправници чиј избор го врши нотарот, како и да прими приправници волонтери. Нотарскиот приправник по правило се вработува во нотарската канцеларија на определено време .

Член 4

Нотарскиот приправнички стаж трае две години и времето поминато како нотарски приправник се изедначува во поглед на полагањето на правосуден испит .

Член 5

Нотарскиот приправник има статус на вработено лице и правата од работен однос ќе ги остварува согласно законските прописи.

## III. Стручно оспособување и надзор во работењето на нотарскиот приправник.

Член 12

Нотарот е должен лицето кое е вработено во нотарска канцеларија како нотарски приправник или како приправник волонтер да го следи во работењето и стручно да го оспособува за полагање на нотарски испит и да го оспособува за нотарски кандидат, да му помага во работењето, да врши надзор над неговата работа и неговото стручно оспособување, да го контролира неговото присуство и секои два месеца да дава извештај на Комората за работата на нотарскиот приправник.

Член 13

Практичното усовршување на нотарскиот приправници нотарот е должен да го врши според програма за практично усовршување на нотарски приправници.

Член 14

Надзор над стручното оспособување на нотараскиот приправник врши Нотарската комора на Македонија.

Член 15

Стручните семинари кои ги организира Нотарската Комора за усовршување на нотарите запишани во Именикот на нотарите се задолжителни и за нотарските приправници запишани во Именикот на нотарски приправници.

## IV. Престанок на приправничкиот стаж пред времето определено во Решението за упис во имеников на нотарски приправници и негово бришење.

Член 16

Доколку нотарскиот приправник не ги следи упатствата на нотарот и работи спротивно на неговите уптаства, не го почитува работното време и со однесувањето покажува незаинтересираност во работата, некоректно се однесува кон нотарот и странките во канцеларијата, нотарот може да одлучи работниот однос на нотарскиот приправник да му престане и за тоа да ја извести Нотарската комора за бришење на приправникот од имеников на нотарски приправници.

Член 17

Претседателот на Нотарската комора е должен да донесе решение за бришење на нотарскиот приправник од Именикот на нотарски приправници.
Примерок од Решението се доставува до : нотарскиот приправник ; нотарот кај кого го обавувал приправничкиот стаж и архивата на Нотарската комора.
Нотарскиот приправник на кого му престанал работниот однос на начинот утврден во член 13 од овој Правилник по приемот на Решението од претседателот на нотарската комора во рок од 8 дена може да изјави жалба до Управниот одбор.
Жалбата не го спречува извршувањето на решението.
Решението на упраниот одбор е конечно.

## V. Деловна тајна

Член 18

Нотарскиот приправник и нотарскиот приправник волонтер е должен да ја го чува како деловната тајна се она што го сознал при рабоењето во нотарската канцеларија а е во личен интрес на странките. Чувањето на деловната тајна е од траен карактер.

## VI. Преодни и завршни одредби

Член 19

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето од страна на Собранието на нотарската комора.

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето од страна на Управниот одбор на Нотарската Комора на Република Македонија.

Нотарска Комора на Р.Македонија

Претседател

Никола Кајчевски,

Република Македонија
НОТАРСКА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ